**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС И ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ КАЛИН КАМЕН КРИВА ПАЛАНКА**

Врз основа на член 17 од Статутот на Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка, Управниот Одбор на претпријатието на _______ седница, одржана на __________ година, донесе:

# П Р Е Д Л О Г – ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА СО НАПЛАТА

### 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката на издавање на повластена паркинг карта за јавните паркиралишта со кои управува јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка, видовите на повластени карти кои ги издава ЈП Калин Камен, како и начинот на водење евиденција на издадените паркинг карти.

### 2.ВИДОВИ НА ПОВЛАСТЕНИ ПАРКИНГ КАРТИ

**Член 2**

Согласно овој Правилник се утврдуваат видовите на повластени паркинг карти:

1. Повластена паркинг карта за жители кои живеат во зоните на паркирање или се корисници на стамбен простор под закуп, сопственици на патничко моторно возило (ППКЖ)
2. Повластена паркинг карта за жители кои живеат во зоните на паркирање или се корисници на стамбен простор под закуп, кои користат службено патничко моторно возило.(ППКСВ)
3. Повластена паркинг карта за жители во зоната корисници на стамбен простор под закуп, кои користат приватно патничко моторно возило на странски регистарски таблички (ППКСТ)
4. Повластена паркинг карта за вработени во деловни субјекти со седиште во зоната, сопственици на патничко моторно возило, максимум две возила по еден деловен субјект.(ППКВДС)
5. Повластена паркинг карта за деловни субјекти со седиште во зоната, максимум 2 возила по правен субјект. (ППКДС)
6. Повластена паркинг карта за резервирано паркинг место (ППКРМ)

7. Повластена паркинг карта за сите зони неограничено (ППКН)
8. Повластена паркинг карта за лица со инвалидитет (ППКИ)
9. Гостинска паркинг карта (ГПК)
10. Дневна паркинг карта (ДПК)

Повластена паркинг карта може да биде издадена во зависност од периодот на важност на корисничкиот договор но максимум за период од 1 година.

## 3. НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА (ППК)

### Член 3

Повластена паркинг карта се издава по претходно поднесено писмено барање со потребната документација, доставена до архивата на ЈП Калин Камен. По поднесување на барањето, барателот добива архивски број на предмет преку кој број ќе се води постапката за исполнување на условите.

Барање за издавање на повластена паркинг карта може да поднесе секое физичко или правно лице кое има намера да склучи претплатнички договор со јавното претпријатие.

По поднесување на барањето, стручните служби на јавното претпријатие ги разгледуваат барањата во однос на исполнетост на условите за издавање на повластена паркинг карта.
По потреба, поднесените барања може да се разгледаат и од Комисија составена од вработени во јавното претпријатие.

## 4. ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ

### Член 4

Стручните служби за барањата одлучуваат во рок од 7(седум) работни дена од денот на неговото поднесување.
Поднесеното барање може да биде прифатено или одбиено, а во зависност од тоа дали се исполнети општите и посебните услови за издавање на повластена паркинг карта и капацитетот на слободни паркинг места на располагање на јавните паркиралишта со кои располага ЈП Калин Камен како општ услов за склучување на договор.

### Член 5

Подносителот на барањето, при поднесување на барањето е должен да ги доатави потребите документи во копирана верзија и истите да ги приложи во оригинал на увид со цел да се утврди нивната веродостојност и исполнетост на условите за склучување на корисничкиот договор.

Откако ќе се утврди исполнетост на условите за склучување на кориснички договор и откако ќе се изврши уплата на надоместокот предвиден со Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка (во понатамошниот текст: Ценовникот), јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка и корисникот на услугите ќе пристапат кон склучување на кориснички договор за користење на јавно паркиралиште со наплата. Надоместокот за склучување на договор се плаќа преку банкарска сметка на претпријатието со задолжително наведување на архивскиот број под кој се води предметот за утврдување на исполнувањето на условите, додека обврските по основ на склучениот договор, корисникот на услугите при вршење на плаќање на надоместокот задолжително го наведува бројот на договорот.

Во договорот детално се опишуваат правата и обврските на двете договорни страни. Правата на користење на поволностите започнуваат да важат по потпишувањето и подигнувањето на договорот од страна на барателот.

Подносителот на барањето е должен да го потпише договорот во рок од 7(седум) дена од денот на негово одобрување.

Доколку подносителот не го потпише барањето во рокот определен во став 4 од овој член ќе се смета дека барањето воопшто не е поднесено.

Доколку корисникот сака да изврши одјава-пријава на возилото должен е да поднесе пополнет образец преку архивата на јавното претпријатие со потребните документи за возилото утврдени за соодветниот тип на паркинг карта доставени во прилог на пријавата.
Правото за користење на поволностите на пријавеното возило корисникот може да ги користи по одобрување на пријавата, кое одобрувње ке биде составен дел на корисничкиот договор.

**Член 6**

Подносителот на барањето кое е одбиено има право на консултација во врска со одлуката за одбиено барање со стручните лица од на претпријатието. Консултацијата по одбиено барање се закажува преку Раководителот на одделението за Градски паркинг или друго лице вработено во претпријатието, претходно овластено од Директорот на претпријатието. Доколку подносителот на веќе еднаш одбиено барање, поради променети околноси ги исполни условите има право да поднесе ново барање.

## 5. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ НА ОПШТИТЕ ВИДОВИ НА ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА

### Член 7

Конкретното времетраење на договорот за користење на јавното паркиралиште со наплата се определува во моментот на склучување на договорот.
Периодот на важност на повластена паркинг карта е со определено времетраење во зависност од важноста на склучениот кориснички договор, со можност за обновување.
Корисникот на ППК пред склучување на првиот кориснички договор со наплата задолжително врши уплата на првата рата од корисничкиот договор, како и еднократен надоместок за склучување на договор во висина од 350 денари за изработена ППК. Корисникот на ППК, по завршувањето на времетраењето на договорот може да склучи нов обновен договор за што треба да изврши уплата во висина од 100 денари. За обновување на нов договор се сметка договорот кој е склучен и за него се уплатени средствата за нов обновен договор максумум до 7 работни дена пред датумот на престанок на првичниот договор. Доколку корисникот не го обнови договорот во предвидениот рок, следното склучување на договор се смета за прво склучување на договор, под истите услови и начин на склучување на прв договор за користење на јавно паркиралиште со надоместок.
Надоместоците опишани во овој член не се однесуваат на корисниците на повластена карта за лица со инвалидитет.
Овластеното лице од страна на претпријатието може да го обнови корисничкиот договор на корисникот, под услов корисникот да нема неплатен долг кон јавното претпријатие и сеуште да ги исполнува посебните услови за конкретниот вид на повластена паркинг карта, а воедно и да постои капацитет на слободни јавни паркиралишта со кои што располага претпријатието (општи услови).
Раскинување на договор се врши со поднесување на писмено барање од страна на корисникот на јавното паркиралиште до архивата на јавното претпријатие со наведување на датумот на престанок. Јавното претпријатие ќе го раскине договорот доколку корисникот ги има надмирено сите доспеани долгови, вклучително и последниот месец во кој се раскинува договорот.

Корисникот кој ќе склучи договор со Јавното претпријатие за дистибуција на природен гас и енергетски дејсноти Калин Камен Крива Паланка има право да ја користи по повластени цени само зоната/те кои се предмет на договорот. Останатите зони корисникот може да ги користи согласно Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка.

## 6. ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИ ПОВЛАСТЕНИ ПАРКИНГ КАРТИ

**Член 8**

Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка води единствен регистар на издадени повластени паркинг карти и склучени кориснички договори.
Регистарот на издадени повластени паркинг карти и склучени кориснички договори се состои од досие за корисник на повластена паркинг карта што ги содржи единствено неопходните податоци кои се предмет на обработка од страна на претпријатието, а во врска со остварување на корисничките права за стекнување со повластена паркинг карта.
Податоците со кои располага јавното претпријатие се зашитени согласно законот за заштита на лични податоци. Корисникот на услугата во моментот на поднесување на барањето за ППК задолжително потпишува изјава за обработка на лични податоци.

## 7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА

**Член 9**

Општи услови за издавање на повластена паркинг карта е слободниот капацитет на расплољливи паркинг места со кои стопанисува јавното претпријатие Калин Камен.

## 7. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА

**Член 10**

Посебните услови кои треба да ги исполнува подносителот на барањето за издавање на повластена паркинг карта, како и документите кои треба да се достават како доказ за исполнување на потребните услови при склучување на договорот се утврдени во зависност од видот на повластената паркинг карта.

**Член 11**

Корисниците на ППК може да ги користат јавните паркиралишта без временско ограничување во резидентните улици и паркиралишта со кои стопанисува Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен Крива Паланка исклучиво во опфат на паркинг секторот каде што корисниците имаат живеалиште односно подзоните за кои е склучен договорот, а согласно правилникот за користење на јавните паркиралишта од значење за Општина Крива Паланка.

Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисникот на ППК може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

Исклучок од ова правило се повластените паркинг карти, Дневна паркинг карта и Повластена паркинг карта за сите зони неограничено кои важат за сите зони.

## 8. ВИДОВИ НА ПОВЛАСТЕНИ ПАРКИНГ КАРТИ И ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ИЗДАВАЊЕ

### 8.1. Повластена паркинг карта за жители кои живеат во зоните на паркирање или се корисници на стамбен простор под закуп, сопственици на патничко моторно возило (ППКЖ)

**Член 12**

ППКЖ можат да добијат единствено оние физички лица коишто се жители на Општина Крива Паланка, и живеат во стан во опфат на подзоната и поседуваат патничко моторно возило во нивна сопственост или по исклучок доколку користат патничко моторно возило за кое им е издадено полномошно за управување со патничко моторно возило од сопственикот на возилото, во согласност со условите определени во овој член.

Во прилог на барањето за издавање на ППКЖ за физички лица се доставува:
:

- валидна лична карта од подносителот на барањето во која како живеалиште е наведено Општина Крива Паланка, односно адреса на живеење во опфат на подзоната за која се бара ППКЖ и/или договор за изнајмување на стамбен простор под закуп
- важечка сообраќајна дозвола за возилото во сопственост на подносителот на барањето или полномошно за управување со патничко моторно возило заверено на нотар под услов и властодавецот и полномошникот да се жители на Општина Крива Паланка, а властодавецот да е сопственик на возилото - предмет на корисничкиот договор и да се во прва линија сродство, родител на дете, дете на родител, брат на сестра или сестра на брат и брачен другар на брачен другар. Доколку случајот е со полномоштво потребно е да се достави доказ за сродство.

Доколку некој поседува стан во опфат на зонско паркирање за кои важат повластените паркинг карти а адресата по лична карта е различна од адресата на станот, барателот покрај важечка лична карта ќе треба да достави и имотен

лист со кој би се докажало дека барателот има стан во негова сопственост во опфат на зоната.

**8.2 Повластена паркинг карта за жители кои живеат во зоните на паркирање или се корисници на стамбен простор под закуп, кои користат службено возило.(ППКСВ)**

**Член 13**

ППКСВ може да се издаде и на физичко лице – жител на Општина Крива Паланка со постојано место на живеење во подзоната, кое што нема сопствено возило, но користи службено возило за приватни цели.

Во прилог на барањето за издавање на ППКСВ за физички лица се доставува:

- валидна лична карта од подносителот на барањето во која како живеалиште е наведено Општина Крива Паланка, односно адреса на живеење во опфат на подзоната за која се бара ППКСВ и/или договор за изнајмување на стамбен простор под закуп и
- Тековна состојба за правното лице издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија не постара од 6 месеци
- М1/М2 образец
- важечка сообраќајна дозвола
- Овластување заверено на нотар за управување на возилото.

Овластување за управување на возилото не е потребно доколку барателот е истовремено и единствен сопственик и управител на правното лице.

Доколку некој поседува стан во опфат на зонско паркирање за кои важат повластените паркинг карти а адресата по лична карта е различна од адресата на станот, барателот покрај важечка лична карта ќе треба да достави и имотен лист со кој би се докажало дека барателот има стан во негова сопственост во опфат на зоната.

### 8.3. Повластена паркинг карта за жители во зоната корисници на стамбен простор под закуп, кои користат приватно патничко моторно возило на странски регистарски таблички.(ППКСТ)

**Член 14**

ППКСТ може да се издаде на жител на Општина Крива Паланка со постојано место на живеење во подзоната кој поседува двојно државјанство и користи странско моторно возило.

Во прилог на барањето за издавање на ППКСТ за физички лица се доставува:

- приложување на валидна лична карта од подносителот на барањето во која како живеалиште е наведено Општина Крива Паланка, односно адреса на живеење во опфат на подзоната за која се бара ППКСТ и/или договор за изнајмување на стамбен простор под закуп и
- важечка сообраќајна дозвола
- нотарски заверено полномошно за управање на патничко моторно возило склучен помеѓу барателот како сопственик на македонско државјанство и барателот како странски државјанин.

Доколку некој поседува стан во опфат на зонско паркирање за кои важат повластените паркинг карти а адресата по лична карта е различна од адресата на станот, барателот покрај важечка лична карта ќе треба да достави и имотен лист со кој би се докажало дека барателот има стан во негова сопственост во опфат на зоната.

### 8.4. Повластена паркинг карта за вработени во деловни субјекти со седиште во зоната, сопственици на патничко моторно возило (ППКВДС)

**Член 15**

ППКВДС може да се издаде на физички лица вработени во правен субјект кој со седиште гравитира во паркинг зоните, а коишто поседуваат патничко моторно возило во нивна сопственост или по исклучок доколку користат патничко моторно возило за кое им е издадено полномошно за управување

Во прилог на барањето за издавање на ППКВДС за физички лица се доставува:

- валидна лична карта од подносителот на барањето во која како живеалиште е наведено Општина Крива Паланка
- Тековна состојба за правното лице издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија не постара од 6 месеци во кое се гледа дека правното лице е регистрирано или има подружница во соодветната зона и подзона и/или договор за изнајмување на деловен простор под закуп
- М1/М2 образец или Договор за вработување/услуги/дело
- важечка сообраќајна дозвола

- Овластување заверено на нотар за управување на возилото доколку возилото не е во сопственост на барателот.

### 8.5 Повластена паркинг карта за деловни субјекти со седиште во зоната(ППКДС)

**Член 16**

ППКДС може да се издаде на правни лица коишто поседуваат патничко моторно возило во нивна сопственост или по исклучок доколку користат патничко моторно возило за кое им е издадено полномошно за управување со патничко моторно возило од сопственикот на возилото,

Во прилог на барањето за издавање на ППКДС за физички лица се доставува:
- валидна лична карта од подносителот на барањето доколку подносителот е управител на правното лице.
- Тековна состојба за правното лице издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија не постара од 6 месеци во кое се гледа дека правното лице е регистрирано или има подружница во соодветната зона и подзона и/или договор за изнајмување на деловен простор под закуп
- важечка сообраќајна дозвола
- Овластување заверено на нотар за управување на возилото доколку возилото не е во сопственост на барателот

Доколку управителот на правното лице не е во можност лично да го поднесе барањето, потребно е да се достави овластување заверено на нотар во кое ќе се ополномошти друго лице кое во име и за сметка на правното лице ќе поднесе барање и/или ќе потпише договор за ППК.

### 8.6. Повластена паркинг карта за резервирано паркинг место (ППКРМ)

**Член 17**

ППКРМ можат да добијат правни и физички лица на јавните паркиралишта во сите зони зо кои располага ЈП Калин Камен кои можат да ги користат неограничено во текот на 30 дена од датумот на склучување на договорот.

Максимални број на места за кои може да се издаде ППКРМ е 15 места кои се распоредени по зони на следниот начин:
- 3 места во зона А1 на паркинг местата пред Центар за социјални работи

- 2 места во Зона А1 на паркинг местата пред Дом на култура
- 2 места во Зона А2 на паркингот кај сегашен маркет Николови (поранешен Пакет маркет и Му маркет)
- 3 места во Зона А3 на паркинг местата кај Македонски пошти и хотел Турист
- 3 места во Зона А4 на паркинг местата кај деловните објекти
- 2 места во Зона В1 на паркинг местата во близина на Шанин мост.

Во прилог на барањето за издавање на ППКРМ за физички лица се доставува:
- валидна лична карта од подносителот на барањето во која како живеалиште е наведено Општина Крива Паланка
- сообраќајна дозвола за возилото во сопственост на подносителот на барањето или полномошно за управување со возилото заверено на нотар.

Во прилог на барањето за издавање на ППКРМ за правни лица се доставува:

- валидна лична карта од подносителот на барањето доколку подносителот е управител на правното лице
- Тековна состојба за правното лице издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија не постара од 6 месеци во која се гледа дека правното лице е регистрирано во Општина Крива Паланка
- важечка сообраќајна дозвола или полномошно за управување со возилото заверено на нотар.

Доколку управителот на правното лице не е во можност лично да го поднесе барањето, потребно е да се достави овластување заверено на нотар во кое ќе се ополномошти друго лице кое во име и за сметка на правното лице ќе поднесе барање и/или ќе потпише договор за ППК.

Принципот на кој се доделува правото на користење на ППКРМ е прв дојден прв услужен. Корисникот на ППКРМ, по истекувањето на договорот има право на предимство за продолжување на договорот.

Организаторот на паркирањето има обврска да го обележи местото кое е резервирано а корисникот на оваа услуга има право да постави уред за обезбедување на паркинг местото по претходна согласност од страна на ЈП Калин Камен.

### 8.7 Повластена паркинг карта за сите зони неограничено (ППКН)

**Член 18**

ППКН можат да добијат правни и физички лица на јавните паркиралишта во сите зони зо кои располага ЈП Калин Камен кои можат да ги користат неограничено во текот на 30 дена од датумот на склучување на договорот.

Во прилог на барањето за издавање на ППКРМ за физички лица се доставува:

- валидна лична карта од подносителот на барањето во која како живеалиште е наведено Општина Крива Паланка
- сообраќајна дозвола за возилото во сопственост на подносителот на барањето или полномошно за управување со возилото заверено на нотар.

Во прилог на барањето за издавање на ППКРМ за правни лица се доставува:

- валидна лична карта од подносителот на барањето доколку подносителот е управител на правното лице
- Тековна состојба за правното лице издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија не постара од 6 месеци
- важечка сообраќајна дозвола или полномошно за управување со возилото заверено на нотар.

Доколку управителот на правното лице не е во можност лично да го поднесе барањето, потребно е да се достави овластување заверено на нотар во кое ќе се ополномошти друго лице кое во име и за сметка на правното лице ќе поднесе барање и/или ќе потпише договор за ППК.

**8.8 Повластена паркинг карта за лица со инвалидитет (ППКИ)**

**Член 19**

ППКИ може да им се издаде на лица заболени од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа, параплегија, хемиплегија, квадриплемија, детска парализа (полиомиелитис), и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за патничко моторно возило, за коешто се приложува соодветен документ.

ППКИ издава годишна карта на лицата со ивалидитет и еднаш годишно објавува јавен оглас со кој ги повикува лицата со посебни потреби, да поднесат барање за повластено користење на услугите за наредната година. По поднесените барања ќе одлучува комисија составена од овластени лица од давателот на услугата и/или Општина Крива Паланка.

Во прилог на барањето за издавање на ППКРМ за физички лица се доставува:

- валидна лична карта од подносителот на барањето во која како живеалиште е наведено Општина Крива Паланка
- важечка сообраќајна дозвола или полномошно за управување со возилото заверено на нотар.

- инвалидска книшка;

-оригинал потврда од матичен лекар со точно наведена дијагноза во оригинал, не постара од 1(еден) месец;

-ПИОМ решение за степен на телесно оштетување;

-лекарски наод од специјалист;

Времетраењето на важноста на издадената ППКИ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.

ППКИ за лица со инвалидитет е бесплатна.

**8.9. Гостинска паркинг карта (ГПК)**

**Член 20**

ГПК можат да добијат единствено оние физички лица коишто се жители на Општина Крива Паланка, и живеат во стан во опфат на подзоната.

Во прилог на барањето за издавање на ГПК се доставува:

- валидна лична карта од подносителот на барањето во која како живеалиште е наведено Општина Крива Паланка, односно адреса на живеење во опфат на подзоната за која се бара ГПК.

По поднесувањето на барањето, корисникот се внесува во електонски систем за следење (евиденција) на наплата на паркиралиштето, со што ЈП Калин Камен и корисникот склучуваат договор со што корисникот се стекнува со правото да издава гостинска карта

Гостинската паркинг карта се издава за период од 20 часа од часот наведен во барањето и важи 30 дена. Максимум број на гостински паркинг карти по барател е 3 ГПК месечно.

**8.10 Дневна паркинг карта (ДПК)**

**Член 21**

ДПК можат да добијат правни и физички лица на јавните паркиралишта во сите зони зо кои располага ЈП Калин Камен кои можат да ги користат неограничено во текот на 24 часа од часот на издавање на ДПК.

Плаќањето на определениот надоместок може се врши преку електронски пат со користење на мобилна апликација.
Корисникот е должен надоместокот да го уплати пред издавањето на ДПК, со цел непречено користење на услугите.

## 9. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејсности Калин Камен Крива Паланка го задржува правото да го раскине корисничкиот договор во случај на утврдени нарушувања на правата и обврските определени со склучените кориснички договори.

**Член 23**

Повластена паркинг карта не се издава на нерегистрирано, напуштено, хаварисано и возило без регистарски таблички.

**Член 24**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување од страна на Управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејсности Калин Камен Крива Паланка и по добиена согласност од Советот на Општина Крива Паланка.

Крива Паланка, мај 2023 година

Претседател на УО
Димитар Петровски

--------------------------------------